О К Т А Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 10-2135/23
31.08. 2023 год
Скопје 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 05-822/2
31.08 2023 год.
СКОПЈЕ

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Склучен помеѓу:

1. **Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,** претставуван и застапуван од Ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски (во натамошниот текст: УКИМ) и

2. **ОКТА АД - Скопје**, застапувана од Главниот извршен директор Димитриос Пасхос (во натамошниот текст: ОКТА)

**Член 1**

Со овој Меморандум се уредува начинот и условите за доделување на вкупно 5 (пет) стипендии на студенти запишани на последна година од прв циклус студии на студиски програми одредени од страна на ОКТА на некој од следните 4 (четири) факултети при УКИМ: Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје; Природно - математички факултет - Скопје (Институт за хемија); Технолошко - металуршки факултет – Скопје, и Машински факултет - Скопје, (во понатамошниот текст: Факултети).

**Член 2**

Право на добивање стипендија ќе имаат кандидатите кои по првпат ќе се запишат на последна година од прв циклус студии за учебната 2023/2024 година, во првиот уписен рок кој ќе се реализира согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2023/2024 година, и кои ќе поднесат пријава по огласите за стипендии кои ги доделува ОКТА, а ќе бидат посебно објавени од страна на Факултетите.

Стипендијата која што ОКТА ќе ја додели по студент, ќе биде во висина од 74,400 денари без вклучен персонален данок, и ќе се исплаќа на 12 еднакви месечни надоместоци во висина од по 6,200 денари месечно, непосредно на личната трансакциска сметка на студентот, која ќе биде определена од негова страна. Персоналниот данок ќе биде дополнително пресметан и платен од страна на ОКТА.

Право на добивање стипендија ќе имаат кандидатите кои ќе се запишат на последната година од прв циклус студии на некој од следните факултети и студиски програми:

- **Технолошко – металуршки факултет**
  - Полимерни материјали
  - Дизајн и менаџмент на технолошки процеси
- **Факултет за електротехника и информациски технологии**
  - Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија
  - Електроенергетика и проектен менаџмент
  - Електроенергетски системи
  - Компјутерски технологии и инженерство
- **Природно – математички факултет – Институт за хемија**
  - Применета хемија
  - Применета хемија - аналитичка биохемија
- **Машински факултет**

- Термичко и енергетско инженерство
- Хидраулично енергетско инженерство
- Материјали, процеси и иновации
- Индустриско инженерство и менаџмент
- Енергетика и екологија

**Член 3**

Доколку ОКТА не успее да избере соодветни кандидати за доделување на стипендиите на начинот утврден во член 2 од овој Меморандум, го задржува правото да не го додели вкупниот број на стипендии наведен во член 1 од вој Меморандум или да изврши прераспределба на стипендиите на студиски програми кои не се предвидени во овој Меморандум.

Соработката предвидена со овој Меморандум, односно објавувањето на огласите за стипендии кои ги доделува ОКТА од страна на Факултетите и селекцијата на кандидатите за стипендиите ќе се остварува согласно протоколите кои дополнително ќе се склучат помеѓу ОКТА и Факултетите.

**Член 4**

Селекцијата на кандидатите за стипендиите ќе ја прави секој Факултет посебно во соработка со ОКТА. Условите и критериумите врз основа на кои ОКТА ќе го врши доделувањето на стипендии, ќе бидат утврдени во огласите што ќе ги објави секој Факултет посебно, а со посредство на УКИМ.

**Член 5**

Износите на стипендиите, ОКТА ќе ги исплати на секој од избраните кандидати непосредно, на нивна лична трансакциска сметка, која избраните кандидати дополнително ќе ја определат.

**Член 6**

Овој Меморандум може да се менува и дополнува само со писмена согласност на неговите потписници.

**Член 7**

Овој Меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување од двете страни.

**Член 8**

Меморандумот се склучува во 2 (два) еднообразни примероци на македонски јазик и 2 (два) еднообразни примероци на англиски јазик, од кои по 1 (една) копија на секој од јазиците за секоја договорна страна.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**
**Ректор**

**ОКТА АД - СКОПЈЕ**

**Димитриос Пасхос**
**Главен извршен директор**

Nikola Jankulovski

Digitally signed by Nikola Jankulovski
Date: 2023.08.31 15:05:47 +02'00'